Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR

Арх.бр. УП1-15 815/2024

Дата.....19.-04-.2024

Врз основа на член 42, став (1) и став (9) од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20 и 111/23), а во врска со член 4, став (3) од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за Услови за планирање на просторот**

1. Со ова Решение на Општина Македонска Каменица се издава **Дополна на Услови за планирање на просторот со намена стопански комплекс на рудник Саса, КО Саса, Општина Македонска Каменица.**
Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 103,52 ha. Површина за која се издава Дополна на Услови за планирање на просторот изнесува 21,02 ha.
За останатиот дел се издадени Услови за планирање на просторот со тех.бр.У19407 - УПВНМ за стопански комплекс - Рудник за вадење, преработка, производство и трговија со метали во наоѓалиштето за олово и цинк во атар на с.Саса во Општина Македонска Каменица.
Планскиот опфат граничи со траса на издадени Услови за планирање на просторот за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на државен пат Крива Паланка - Македонска Каменица Р1210 (стара ознака р-208) делница рудник "Тораница" - рудник "Саса" во должина од околу 19,8 км во Општините Крива Паланка и Македонска Каменица, со тех.бр.У04015.

**Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.**
**Условите за планирање на просторот треба да представуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот во соодветниот плански документ, во согласност со Просторниот план на Република Македонија.**

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот **со тех. бр. Y19407i** се составен дел на Решението.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

3. Дополната на Условите за планирање на просторот со намена стопански комплекс на рудник Саса, КО Саса, Општина Македонска Каменица, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштита на земјоделското земјиште, а особено стрикното органичување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природна плодност на земјиштето.

5. **Донесувачот или изработувачот кој ја подготвува планската документација е должен да ги прибави сите податоци што произлегуваат од општите и посебните мерки за заштита на животната средина, природата и водите за конкретниот зафат и за соседните подрачја што граничат со планскиот опфат, а што се неопходни за изработување на урбанистичкиот план или урбанистички проект, согласно член 47 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20 и 111/23).**

6. Согласно податоците од Експертниот елабрат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Република Македонија на подрачјето на катастарската општина Саса има евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитет.

7. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата за предметниот простор Дополна на Услови за планирање на просторот со намена стопански комплекс на рудник Саса, КО Саса, Општина Македонска Каменица, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторнион план на Република Македонија.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Општина Македонска Каменица, врз основа на член 42, став (1) од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20 и 111/23), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УПП 53502 од 30.06.2023 година, до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Дополна на Услови за планирање на просторот со намена стопански комплекс на рудник Саса, КО Саса, Општина Македонска Каменица.

Согласно член 42, став (8) од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ја изработи Дополната на Условите за планирање на просторот со намена стопански комплекс на рудник Саса, КО Саса, Општина Македонска Каменица и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 815/2024 од 11.04.2024 година.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR

**Дополната на Условите за планирање на просторот со намена стопански комплекс на рудник Саса, КО Саса, Општина Македонска Каменица,** претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение

**ПРАВНА ПОУКА:** Против решението за услови за планирање на просторот може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

Република Северна Македонија * Министерство за животна средина и просторно планирање * Скопје * Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor * Shkup * Republika e Maqedonisë së Veriut

**МИНИСТЕР**
**Каја Шукова**

Изготвил: Исмаил Шехаби

Одобрил: Соња Фурнаџиска

Согласен: Дајана Марковска Ристеска


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk